**УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБА**

1. Подготовка

   Студентите од насоката индустриски дизајн при Машинскиот факултет, УКИМ, Скопје, имаат можност секоја година да учествуваат на по неколку изложби во земјата и во странство.

   Учеството на изложба е значајно постигнување и референца во портфолиото на еден млад и успешен дизајнер.

   Делата за изложба вообичаено се одбираат помеѓу поуспешните проекти во тековната студиска година од додипломските и магистерските студии.

2. Избор на дела

   Изборот на делата кои се прикажуваат на изложба го прават предметните професори.

   Независно од видот на делото, најважно е проектот да биде навреме донесен за корекции и да биде успешно и НАВРЕМЕ КОМПЛЕТИРАН.

   Ако се работи за постер, потребно е во последната недела од семестарот да ги извршите сите потребни корекции, како и да ја користите стандардната ПОДЛОГА ЗА ПОСТЕР.

   Ако се работи за физички прототип, потребно е делото навреме да се конципира и да се подготват сите датотеки потребни за изработка за да остане време од 3-4 недели за изработка на делото. Со секој физички модел/прототип потребно е да се подготви флаер, кој треба да е изравотен со користење на ПОДЛОГА ЗА ФЛАЕР и ПОДЛОГА ЗА ПРИВРЗОК.

3. Учество на изложба

   Учеството на изложба ви овозможува да го претставите вашето дело на поширока публика, како и да ја согледата реакцијата на публиката за да научите повеќе за тоа како се воспriema вашето дело.

   **Секој автор кој го изложува своето дело на изложба е должен да го постави своето дело и да стои до него за цело време на траење на изложбата, како и активно да го претставува своето дело на публиката. Секој кој е спречен во тоа, треба да обезбеди соодветна замена.**

   **Ако изложбата трае повеќе денови, можно е да се организираат тимови кои во одреден период ќе застапуваат повеќе дела.** Ваквите тимови треба да се организирани така да во секој период кај делата има најмалку два презентери, кои се обучени да зборуваат и претстават повеќе дела на публиката. Презентерите треба да се облечени уредно и дотерано.

   Активниот однос кон публиката и спремноста да се комуницира за да се истакнат особеностите на делото СЕ НАЈВАЖНИ.